# граѓански ПРАКТИКИ



МЦМС

Македонски центар за меѓународна соработка

- ЛИЦЕТО ГО ПРОДАВА СРЦЕТО

- ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА, ФАКТОР ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РУРАЛНАТА СИРОМАШТИЈА

Број 5

# Граѓански практики

Лицето го продава срцето

Земјоделските здруженија, фактор за намалување на руралната сиромаштија

Број 5

МЦМС

Македонски центар за меѓународна соработка

**Библиотека:** Граѓанско општество
Граѓански практики

**Издавач:**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Извршен директор:**
Сашо Клековски

**Одговорен уредник:**
Гонце Јаковлеска

**Лектор:**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка:**
Кома лаб. – Скопје

**Печатница:**
Графохартија – Скопје

**Тираж:** 500

**Адреса на издавачот:**
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов" бб, п. фах 55
1060 Скопје, Република Македонија

**e-mail:** mcms@mcms.org.mk
www.graganskisvet.org.mk

# СОДРЖИНА

Содржина


7 Предговор

9 Лицето го продава срцето
Проф. д-р Живко Андревски

15 Имиџот на граѓанските организации во јавноста
Маја Митрова

21 Земјоделските здруженија, фактор за намалување на руралната сиромаштија
Марија Рајковчевска

33 Концептот „Тотално управување со квалитетот“ во функција на развој и одржливост на граѓанските здруженија
Дарко Шеќеринов

43 Белешка за авторите



# Предговор

Почитувани читатели,

Новиот број на Граѓански практики ви дава можност да ги проследите размислувањата на четворица автори на темите „Имиџот на граѓанските организации во јавноста" и „Одржливост на граѓанските организации".

Дали граѓанските организации можат да одговорат на предизвиците на новото време? Можат ли да се прилагодат на промените? Каква промена тоа ќе предизвика во сликата што за нив ја има јавноста? Поради овие прашања сметавме дека е потребно уште еднаш да се навратиме на **имиџот** на граѓанските организации. Двата текста кои се однесуваат на оваат тема го анализираат имиџот што граѓанските организации го имаат во јавноста во овој момент но даваат и препораки за иднината.
Проф. д-р Андревски смета дека граѓанските организации ја добиле првата битка во градењето позитивен имиџ надминувајќи ја првичната одредница „невладини организации" која е претесна и методолошки неисправна според него. „Беше неодржливо целиот тој сплет од субјекти, проекти, акции и резултати да се лоцира само наспроти власта или (уште полошо и уште потесно) само наспроти владата, како најактивен орган на власта и владеењето", вели во својот текст проф. Андревски.



Актуелноста на прашањето на **одржливост** на граѓанските организации беше доволен предизвик за МЦМС да создаде простор за дискусија на оваа тема. Малиот број текстови што пристигнаа не води кон констатацијата дека иако е едно од најактуелните прашања и едно од најважните прашања со кои во моментов се соочува граѓанскиот сектор сепак недостасуваат конкретните резултати.
Марија Рајковчевска во својот текст нуди еден пример на одржливо земјоделско здружение. Анализата на функционирањето на Регионалниот сојуз на пчеларите „Матица" предочува алтернативни начини на финансирање на граѓанските организации.

Дискусиите за имиџот и одржливоста на граѓанските организации се тесно поврзани. Не можеме да размислуваме за одржливоста на граѓанските организации без претходно да размислиме за тоа каков е нивниот имиџ и како можеме да го подобриме. Размислувањата и дискусиите, споделувањето искуства за имиџот и одржливоста нема да дадат конечни

решенија применливи засекогаш и за секоја организација. И градењето на имиџот и одржливоста се процеси кои постојано се развиваат и ќе нудат нови и нови примери и решенија. Важно е тие нови искуства да бидат споделени со оние на кои ќе им бидат од полза. Обидот на МЦМС преку Граѓански практики е да создаде простор да се споделат искуствата и размислувањата и на едната и на другата тема.

**Гонце Јаковлеска**
**Соработник за односи со јавноста**



Проф. д-р Живко Андревски

# Лицето го продава срцето

**Граѓаните не се најцелосно запознати со суштината, функцијата, мисијата и развојните линии на граѓанскиот сектор; што треба да сторат и долгорочно да прават граѓанските организации за да имаат подобар имиџ во јавноста**

Дали граѓанскиот сектор ги добива почетните и решавачките „битки“ за свој заштитен простор во општеството и во колкава мера го прави тоа со создавање позитивна претстава за себе во јавноста, односно како граѓаните ги перцепираат граѓанските организации?

Граѓанскиот сектор во Република Македонија го бара и релативно успешно го наоѓа патот за свое етаблирање во поширокиот општествен систем и процес и истовремено му посветува внимание на создавањето свест за сопственото постоење, дејствување, развој и тешкотии.

Ако ѝ се верува на една народна поговорка (а треба да ѝ се верува) која гласи „Лице срце продава“, чија порака во целиот систем на модерно работење е речиси издигната на ниво на законитост, тогаш е повеќе од оправдано и логично граѓанските организации да се борат за својот имиџ во јавноста, за тоа како таа јавност ги поима, ги прифаќа и како го гради ставот (со сите димензии: и сознајната, и вредносната, и акциската) спрема нив. Во краен случај, социолошките и политиколошките истражувања немилосрдно говорат дека еден субјект може да има успех во своето дејствување само доколку неговата функција, дејности и акции се познати, признати и прифатени во општеството.

Во зафатите и напорите за градење позитивен имиџ во јавноста, граѓанските организации ја добија првата битка. Од нивното првично (речиси закостенето) именување и идентификување како граѓански организации (а целината како граѓански сектор), што беше и останува стеснето и методолошки неисправно (не може нешто најпрвин и единствено да се





определува што не е, туку што всушност е, односно што е неговата суштина) се обезбеди соодветно определување како граѓански сектор, битен елемент на граѓанската сфера во општеството. Беше неодржливо целиот тој сплет од субјекти, проекти, акции и резултати да се лоцира само наспроти власта или (уште полошо и уште потесно) само наспроти владата, како најактивен орган на власта и владеењето.

## Граѓанските организации се засноваат врз сопствена оригиналност во постоењето.

Точно е дека има содржински, суштински и видливи разлики меѓу нив и власта. Наведувам две: првата ќе ја кажам со стилска фигура – власта фаќа жарје со маша, граѓанските организации тоа мора да го прават со голи раце. И втората: власта се потпира на силата, се служи со аргументот на силата, додека граѓанските организации е неопходно да ја употребуваат само силата на аргументите (се служат со категоријата авторитет, што подразбира знаење, убедување, убедливост и доброволност). Впрочем, правната основа врз која се формирани и регистрирани ја чини Законот за здруженија на граѓани и фондации, усвоен од Собранието на РМ во 1988 година.

## Како јавноста го перцепира граѓанскиот сектор и врз што се засновува таквата перцепција?

Јавноста, односно голем дел од граѓаните, имаат делумно точни и недоволно втемелени информации за граѓанскиот сектор, за неговата суштественост, функција, мисија, развојни линии.
Факт е, исто така, дека јавноста, посебно оној дел што е упатен во шансите на граѓанското општество и на демократијата воопшто, луѓето кои биле опфатени со некоја од акциите на граѓанските организации или ги евидентирале и почувствувале полезностите од нивното дејствување, високо го вреднуваат граѓанското организирање како елемент на постигнувањето поквалитетен живот, во задоволувањето пошироки и конкретни интереси, потреби и стремежи, како двигател на развиено и критичко јавно мислење и како фактор на отворање перспективи.
Со еден истражувачки проект за „ставовите и активностите на македонските граѓани во поглед на демократијата и граѓанското учество и нивните сфаќања за политичките, граѓанските институции и за институциите на власта" (реализиран од Агенцијата за истражување на јавното мислење и на пазарот БСЦ Естек во 2002 година) се констатирани следниве сознанија:

- Граѓанските организации како елемент на цивилното општество со своите активности во раазлични сфери, во последните неколку години се мошне присутни во Република Македонија и на определен начин се хит во активизирањето на луѓето.
- Меѓу граѓаните се доминантни оценките дека граѓанските организации се многу и средно корисни.
- Испитаниците недоволно ја сфаќаат природата и карактерот на граѓанскиот сектор и неговите активности во различни области.
- Граѓанските организации се покорисни во неколку сфери (помош на болниците, здравствените и социјалните институции, во разрешувањето на проблемите на бегалците и природните катастрофи, во превенцијата и решавањето на проблемите со алкохолот и дрогата, во помошта на немоќните, постарите, напуштените и бездомниците и во заштитата на животната средина), а недоволно продуктивни во други области (помош во спортот и рекреацијата, во запознавањето на човековите права и нивната заштита, во пропагирањето на демократијата, во развојот на локалната заедница, како и во развојот на културата и уметноста).
- Една третина од испитаниците сметаат дека луѓето во граѓанските организации работат во заеднички интерес, една третина дека работат за личен интерес, а другите не можат да ја проценат полезноста од граѓанските организации.

## Кои се факторите што ја определуваат и што придонесуваат во создавањето на претставата на јавноста за граѓанските организации?



Вкупниот општествен амбиент, обележан со кризни точки и тенденции, со глобални и круцијални проблеми (безбедносни, економски, отсуство на развојни пробиви), со недоверба, криминал, корупција, со афери и „црни хроники", логично продуцира сомничавост на јавноста и спрема нови состојби и движења, со демократска и општествена функција и мисија, како што се граѓанските организации.
И дел од масмедиумите, иако не толку често, па макар и во облик на прашања (без одговор и без факти), протураа промисла за граѓанските организации како за недоволно легален простор, како за „пералници на пари", како за затворени ентитети кои ги бранат и ги материјализираат интересите и потребите на нивните членови (основачи, вработени, оперативци, активисти).
Не ретко (а и не случајно) граѓанските организации (спротивно на сопствената волја) беа внесувани како момент (повод, предмет) за полемика и пресметка меѓу политичките партии во земјава (најчесто на

релацијата партии на власт и партии во опозиција). Како еклатантни, често (зло)употребувани примери се наведувањето на однесувањето на дел од граѓанските организации во време на годинашните претседателски избори во РМ (повикот за гласање преку масмедиумите и пораката преку мобилните телефони), потоа неколкуте заеднички прес-конференции на некои од граѓанските организации со претставници на државните органи, па одлуката на Владата на РМ за помош на дел од граѓанскиот сектор.
Или: практикуваното понекогаш недоволно осмислено, невешто, а во некои случаи неоправдано „сојузење" со власта, во основа му штети на позитивниот имиџ на секторот. Но, комуникацијата и соработката со власта не може и не смее да се избегнува по секоја цена, само поради можните приговори и потенцијалното нарушување на претставата, туку е препорачливо и неопходно тоа да се прави во функција на општествен подем, разрешување конкретен проблем или надминување на постојно и предвидено недоразбирање. Истовремено има основа тоа соработување јавно да се експлицира и да му се објасни целисходноста, намерите и резултатите. Ако во некои случаи се покаже дека се направила грешка – таа да се признае (нели, луѓе сме, грешки правиме).
Има и ситуации кога дел од јавноста, определен број граѓани, учествуваат во активност на некоја граѓанска организација, а притоа не се запознати која е таа. Се среќаваат и такви состојби кога директни корисници на дело (акција, проект, дебата) не се информирани дека тоа го реализирал дел од граѓанскиот сектор. Изгледа по малку неверојатно, сепак тоа е точно и присутно во практичниот живот.



## Имиџот претставува променлива состојба, менлива и минлива категорија.

Граѓанските организации во Република Македонија во изминатиов период се активираа во афирмацијата на сопственото постоење и дејствување, но (како и секогаш) има простор за редефинирање на тие и такви активности од една страна, и за промислување, проектирање и реализација на нов систем, нов бран, кој ќе биде скициран, разработен и приспособен за идно време со цел да се постигне подобар имиџ во јавноста.
Се поставува прашањето: што да се стори (отпорано) за поубав, подобар имиџ, што, пак, долгорочно гледано, подразбира поизграден легитимитет и попродуктивно ангажирање?
Најкус одговор е: со создавање реални услови (низ активитети и резултати) за постигнување од убав до прекрасен имиџ и со осмислена концепција и реализација за промоција на постоењето и дејствувањето. Станува збор, значи, за системски и систематизиран потфат, за долга патека која треба да

се изоди, што и не треба да биде многу тешко, бидејќи најтешките, почетните чекори, се веќе направени (и најдолгиот пат почнува со првиот чекор, нè учи народниот мудрец).

Граѓанскиот сектор ќе го одржува и подобрува сопствениот имиџ со позитивен предзнак, доколку неговата акција кореспондира со општиот општествен контекст и доколку внесува свежина во текот на дејноста/ дејствувањето што е радикално поинаку во однос на работата на државните органи, чиј белег за препознавање и натаму, за жал, е бирократскиот (бавен, хартиен, премногу процедурален, па и неодговорен) пристап.

Издвојуваме четири конкретизирани целини од активности, се разбира, планирани, промислени и операционализирани, кои можат да го развиваат, да го подобруваат имиџот на граѓанските организации.

**Прво**, редовни комуникации со јавноста – запознавање со суштината и историската мисија на граѓанскиот сектор, внесување и опфаќање што е можно поголем број луѓе во активностите, одговорен, ефикасен и ефективен начин на реализација на проектите со сите свои делови и во сите свои фази. Може да биде мошне плодотворна идејата и нејзиното материјализирање за стимулирање на масовноста на дејностите што ги води (иницира, осмислува, проектира, реализира, сумира) граѓанскиот сектор. И обуката на граѓанските организации со цел да се прифатат и усвојат постапки, техники и модели за привлекување поголем број учесници во одделните облици на акција, спаѓа во овој дел на намерата за соодветен имиџ. Искуствата со објавување на извештаите за работа и за финансиското работење, за организациската структура, за кадровскиот состав на телата во одделните граѓанските организации се убави, посочувачки примери.

**Второ**, редовна комуникација со масмедиумите. Овој дел сам по себе да биде предмет на елаборација. Што подразбира? Афирмација на активностите кои се во тек, запознавање на јавноста со резултатите од завршени работи (очекувани и постигнати резултати, пречки во реализацијата), проектите кои се предвидуваат да се најавуваат со објаснување на содржината, целите и полезноста, изнесување став, гледиште, мислење за некое прашање кое е непосредно ја тангира граѓанската организација или луѓето од просторот во кој дејствува, односно за општо прашање со кое се соочува пошироката заедница, изнесување и пласирање сознанија за состојби и движења, податоци и размисли со кои располага граѓанската организација.

Различни се начините на односи со медиумите (подготовка и дистрибуција на готово соопштение, организирање и свикување конференција за масмедиуми, давање изјава, достапност на документи, како што се планови, програми, одлуки, извештаи, сите во изворна форма и слично. Односите со медиумите подлежат, сосема извесно, на плански приод, со редовно, поводно и интервентно огласување, со флексибилен, функционален, па и

прагматичен избор на конкретни медиуми преку кои ќе се прави тоа.
**Трето**, со организација на посебни манифестации заради подобрување на имиџот (саемски проекти, промотивни активности, присуство на културни, спортски, научни настани итн.).
**Четврто**, подготовка на посебни изданија (печатени, електронски, аудиовизуелни...) во функција на подобриот имиџ.

Градењето (одржување и развивање) на имиџот е непрекината задача, континуирана активност. Тој процес треба да се поима како создавање моментна слика за себе пред јавноста, но уште повеќе и како поттик за нов, посодржаен, повпечатлив и поубав имиџ. Секогаш подобро од вчера!

Маја Митрова

# Имиџот на граѓанските организации во јавноста



## Како јавноста го перципира граѓанскиот сектор и фактори кои придонесуваат за таквата перцепција

Како јавноста го перципира граѓанскиот сектор - прашање делумно тешко, кое бара многу истражувања преку анкетирање на обичниот граѓанин.
Во текстот не се спомнуваат имиња, а сепак актерите би можеле самите себеси да се препознаат. Текстот е реален и ја предочува перцепцијата за граѓанскиот сектор во тиквешкиот регион и факторите кои придонесуваат за таквата перцепција.
Македонија е земја во која човекот како социјално битие е фрлен во рацете на безумието. Човекот, како поединец, многу ретко може да биде активен во областа којашто ја посакува тој и која би го усовршувала. Земјата во која живее тој и која треба да се грижи за него, затоа што без него не би постоела, го фрла во состојба на страдање, наместо да се грижи за неговиот опстанок, а кога еден човек, едно дете страда, на страдање е осудена целата држава. Секој граѓанин на оваа земја, секојдневно, е во потрага по некоја дејност која ќе му донесе подобра егзистенција. Но, за жал, тој секогаш наидува на пречки во таа сопствена потрага за подобро утре.
Невработеноста, односно борбата за егзистенција, како проблем, како една од поголемите прашања за опстанокот на човекот, својот одговор или своето решение го наоѓа многу почесто во граѓанските организации, отколку во државните институции во Македонија, каде што секојдневно без работа остануваат голем број граѓани. Во граѓанските организации секој граѓанин може да ги покаже своите идеи, можности или способности без да биде фрлен во бездна.



Врз основа на тоа, имиџот на граѓанските организации во јавноста расте значително многу, во позитивна смисла на зборот и заинтересираноста за вклучување во нив секојдневно се зголемува.
Но за зголемувањето на имиџот на граѓанските организации клучен или важен фактор не е само вработувањето, односно невработеноста, туку овде се вметнуваат многу поважни проблеми со чие реализирање или помош се остваруваат голем број прашања важни за развојот на човекот и човековата средина.
Македонија, како една од земјите каде што мошне голем проблем е лошата социјална положба на човекот, вклучувајќи го овде човекот без оглед на неговата верска, национална и политичка припадност, многу често е потпомогната од странски донации. Со нивната помош голем број граѓански организации имаат отворена можност да му помогнат на социјално загрозеното население, на хендикепираните и на старите изнемоштени лица. Денес многу често, како по медиумите така и низ гласот на народот, ние сме информирани за многу такви хумани потези за помош на овие лица.
Гледано од таа перспектива, имиџот на граѓанските организации во јавноста е многу важен.
Меѓутоа, покрај факторите кои придонесуваат за позитивен имиџ на граѓанските организации, постојат и фактори кои прават негативна слика за нив. За опаѓањето на имиџот на граѓанските организации мошне голема улога имаат следниве фактори:
1. Преголема вмешаност на партиски личности - градоначалници во граѓанските организации;
2. Опаѓање на рејтингот на една граѓанска организација која не е во непосреден контакт со владејачката партија;
3. Усвојување проект, донација за проектот и негово нецелосно реализирање.
Како проблеми кои се значајни за опаѓањето на имиџот на граѓанските организации во јавноста, ќе се задржам на секој од нив поединечно.

## 1. Преголема вмешаност на партиски личности - градоначалници во граѓанските организации

Некои граѓански организации поседуваат големи способности за изготвување проекти кои би биле од голема важност или од голема помош за животната средина. За жал, проектите многу често, а може да се рече и секогаш се отфрлаат затоа што тој проект не би донел некоја поголема финансиска поддршка за одделни личности, или пак нема да биде дозволен од градоначалникот на една општина затоа што тој припаѓа на една партија, а случајно подносителот на проектот е од друга партија или пак личност непозната за партиската личност - градоначалникот. Сите ние живееме во

едно општество каде најчесто мерило за успех е партиската припадност, а не способноста и знаењето.

Така, на пример, една граѓанска организација од една општина изготвува проект за организирање хуманитарна уметничка изложба со која би се зголемила уметничката култура во градот, а со продадените уметнички дела би му се помогнало на социјалното население со храна, облека и слично (на почетокот кажав дека ќе зборувам за тиквешкиот регион). За да го реализира проектот, таа граѓанска организација мора да побара поддршка од градоначалникот на таа општина за местото каде што треба де се реализира сето тоа. Но, тој проект кој е од голема важност за општината е одбиен поради причина неприфатлива за една демократска држава, како што е партиската припадност. Градоначалникот нема да дозволи просторија за таа цел; стопанските субјекти и фирмите од каде е побарана помош, доколку се негови партиски војници, ги лиши од можноста да помогнат во целата таа манифестација, со еден збор, ја користи својата функција максимално за да го попречи реализирањето на проектот.

Со тоа се доаѓа само до создавање партиски граѓански организации, а не граѓански организации кои треба да содржат граѓани, без оглед на нивната верска, национална или партиска припадност. За да се надмине тој проблем треба да се формира некое друштво за реализирање и одобрување проекти изготвени од граѓанските организации, а подносителите на проектите да ги поднесуваат проектите не лично, туку под шифра.



Доколку некоја фондација смета дека некој проект е мошне добар за една општина и може да го поддржи, таа фондација треба да помогне во односот између градоначалникот и граѓанската организација. Со еден збор, граѓанските организации не би требало да имаат директни контакти со градочалникот на една општина, за да се избигне партиското прифаќање или неприфаќање на проектот.

Денес се формираат многу граѓански организации кои се помогнати од некоја партиска личност, а со тоа се прави во една општина да се издвојува токму таа организација, додека другите паѓаат во сенка и остануваат со нереализирани проекти.

## 2. Опаѓање на рејтингот на една граѓанска организација која не е во непосреден контакт со владејачката партија

Многу често рејтингот на една граѓанска организација опаѓа затоа што таа нема никакви контакти со владејачката партија. Зошто е така? Повикувајќи се на примерот од претходната точка, тоа е така затоа што една таква организација е секогаш ставена во сенка, никогаш нема реализирано некој проект, односно нема добиено средства за реализирање на тој проект, па со

тоа доаѓа до разочарување на членовите и нивно постепено намалување. Членовите кои излегле зборуваат меѓу граѓаните дека само оние граѓански организации кои се поврзани со владејачката партија успеваат, за да на крајот дојде до едно целосно распаѓање и опаѓање на имиџот не само на таа граѓанска организација, туку на секоја. Па така, често пати, ќе слушнеме: ''Таа граѓанска организација успева во сè затоа што не е невладина граѓанска организација, туку е владина граѓанска организација. Повикувајќи се на зборот 'Нневладина', ќе ја искористам можноста да кажам дека во иднина подобро би било овој збор да не се употребува, затоа што звучи грубо и поттикнува сомневање кај граѓаните, а наместо тој збор да се практикува зборот 'ГРАЃАНСКА'''.

## 3. Усвојување проект, донација за проектот и негово нецелосно реализирање

Многу граѓански организации добиваат донации за одредени проекти, но многу често тие проекти не се реализираат целосно. Тоа е така поради недоволната контрола од страна на фондацијата која донира средства, па многу често остатокот од средствата се користи за лични цели. Така, незадоволството од граѓанските организации расте и кај граѓаните вклучени во таа организација, а и кај граѓаните кои очекуваат повеќе од таа организација.

Така, на пример, една граѓанска организација добива донација за хуманитарни цели за хендикепирани лица: маици, обувки, книги, моливи и сл. Дел од таа донација таа ги става настрана и потоа од нив вади други парични средства. Поконкретно, тоа ќе го кажам на следниов начин: граѓанската организација добива пакети со по 200 маици, обувки, книги, моливи и сл., но таа само половина од нив ги користи за хуманитарни цели, а половина ги препродава и ги претвора во парични средства.

За да се избегне сето тоа, фондацијата којашто ги донира средствата, со свои претставници, треба директно да учествува во хуманитарната акција или медиумите да бидат целосно вклучени. Преку медиумите, граѓаните би дознале за активностите на граѓанските организации, а и начинот на кој се извршуваат. Со тоа, имиџот на граѓанските организации значително би се зголемил, наместо секојдневно да опаѓа по едно скалило.

Сите овие фактори, покрај кои постојат и други помалку важни, доведуваат до опаѓање на имиџот на граѓанските организации. Така јавноста го перципира граѓанскиот сектор, а горенаведените проблеми се многу важни фактори кои придонесуваат за таквата перцепција.

Секој проблем одделно е важен објект во кој е вметнат некој субјект (поединец), кој го намалува нивото на значителност на проблемот, којшто го занемарува, го прави невидлив и незначаен.

За да не биде тоа така, односно за да се спречи опаѓањето на рејтингот/имиџот на граѓанските организации, како и да се спречи нереализирањето на одделни проблеми кои се мошне значајни за човекот, треба да се отфрли тој субјект од сферата на објектот. Значи, треба да биде обратно: граѓанскиот сектор како објект треба да го неутрализира субјектот кој има големо влијание во опаѓањето на имиџот на граѓанските организации и во реализирањето на одделни проблеми значајни за човековиот развој и развојот на човековата средина или, поточно, објектот да го задржи обликот на објект и да не преминува во субјект.
Ова истражување е мошне значајно за понатамошното издигнување на имиџот на граѓанските организации, но, се разбира, доколку се направи нешто повеќе околу овие фактори коишто го рушат имиџот на граѓанските организации.







Марија Рајковчевска

# Земјоделските здруженија - фактор за намалување на руралната сиромаштија

## 1. Вовед:

Земјоделските здруженија како граѓански организации

Земјоделските здруженија се регистрирани со Законот за здруженија на граѓани и фондации врз основа на членовите 5, 18, 20 и 76 (Сл. весник на РМ бр. 31/98).

Земјоделските здруженија се правна форма на организираност и како другите здруженија припаѓаат во организации од непрофитабилен и невладин сектор.

Одржливоста на непрофитабилните организацици е поврзана со нивните активности и начинот на финансирање и е збир од последователни и континуирани активности на здружението што ќе го води до постојано развивање и јакнење на сопствените капацитети.

### 1.1. Форми на одржливост на земјоделските здруженија

Земјоделските здруженија во Р. Македонија постојат од педесеттите години, но нивното масовно формирање почнува во 1996 година. Во посттранзицискиот период производителите во Р. Македонија останаа без организирани форми на производни капацитети, коишто ги извршуваа оперативните задачи во целина. Многу од земјоделските комбинати се трансформираа во приватна сопственост, а земјоделските задруги не успеаја да го следат трендот на пазарното стопанство. Со тоа земјоделските производители останаа неорганизирани и расцепкани, незапознени со своите права и премногу мали за да можат да опстојуваат во пазарни услови.

Можно решение за организација на граѓаните во правен субјект претставува здружението. Таа цел од 1996 година ја поддржуваше и Проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производители при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, финасиран од Светска банка.

Главна цел за која се формираат земјоделките здруженија е застапување, заштита и остварување на интересите и правата на земјоделските производители во Р. Македонија, како и развојот, унапредувањето на одржливо, современо и економски ефикасно земјоделство. Стратешките планови и програмските активности на здружението треба да овозможуваат информираност, едукација и заеднички настап на граѓаните кои се членови во здружението.

## 1.2. Анализа на земјоделските здруженија и начинот на нивното финансирање

Во Р. Македонија постојат регистрирани 125 здруженија од земјоделскиот сектор (според податоци на Македонскиот советодавен сервис за развој на земјоделството Агроменаџер од 2004 г.).

Основни форми на финасирање на земјоделските здруженија како непрофитабилни организации се:

- годишна членарина;
- месечна членарина;
- основни активности на здружението;
- програмски активности (пр. воведување квалитет на производот) финасирани од сопствено учество или финансирани од проект;
- пакети на услуги за своите членови;
- пакети на услуги за други корисници.

Според спроведената анкета од 2002 година, просечниот број членови во едно здружение е 30 членови, а просечната годишна членарина е 300 денари по член.

# 2. Земјоделките здруженија како производна единица

Земјоделските здруженија како граѓанска организација може да бидат и производна единица бидејќи нејзините членови се земјоделски производители и покрај граѓанските права, тие можат да оставарат и други заеднички интереси.

Според формата на организираност, како правен субјект здруженијата може да креираат свој заштитен знак или трговска марка, може да воведуваат квалитет на своите производи и континуирано да го контролираат тоа. Членовите во здружението можат заеднички да набавуваат репроматеријали за потребите на нивната организација и да склучуваат договори за пласман на своите производи. Сè повеќе е присутно заедничкото маркетиншко претставување на саеми, изложби и бизнис-средби.
Многу битен елемент е формирање база на податоци на своите членови како човечки ресуси, природни ресурси од регионот и други капацитети кои се во функција на граѓаните во тие организации.
Кога земјоделското здружение прераснува во производна единица, одржливоста на здружението станува реалност. Здружението добива идентитет и е препознатливо во регионот. Членовите ги остваруват своите цели преку активностите, и тоа преку директно влијание на подобрување на финансиската состојба на производителите.
Преку здружените активности за заедничко производсво раководството и менаџерскиот тим организираат и последователни обуки во правец на подобрување на производните резултати.
Битен елемент во одржливоста на здруженијата кога тие функционираат како производна единица е и активирањето на локалните структури, како што се другите граѓански организации, општините, јавните претпријатија и профитните компании во различни модели на соработка. Воспоставувањето линкови во регионот и на локално ниво ги насочува членовите на здружението на повисок однос на соработка, така што во спроведувањето на програмските активности се вклучени повеќе актери и тие го прифаќаат здружението како форма која работи за општо добро.



# 3. Земјоделските здруженија - фактор за намалување на руралната сиромаштија

## 3.1. Развој на нови производни технологиии

Од голема важност за развојот на земјоделските здруженија е кога едукацијата во земјодескиот сектор ја обезбедуваат здруженијата. Тие се во состојба да ги едеуцираат своите членови за основните права во граѓанското општество, но исто така да ги едуцираат и насочуваат кон нови производни технологии.
Поголем дел од здруженијата се вклучени во проекти кои обезбедуваат едукација на членовите за теми што се важни за работењето на

организација. Кога здружението ќе има мандат пред своите членови тогаш членовите се обраќаат до раководните структури, за тековни активности кои се идентификувани како потреба во текот на годината.
Обуки за нови производни технологии се секогаш актуелни во земјоделските здруженија, членовите ги посетуваат во голем број и континуирано имаат побарување за продолжување на активностите.
Во изминатиот период земјоделските здруженија имаа можност да ги подобрат своите вештини во технолошките процеси, а некои од нив и се едуцираа во други гранки од претходните со коишто работеа, наоѓајќи повеќе перспектива во друга дејност.
Кога на граѓаните кои не се вклучени во постоечките земјоделски здруженија им се потребни информации за одредена технологија, пристапуваат во локалните здруженија, барајќи поддршка.
Во некои случаи и други организации кои се во непосредна врска со земјоделскиот сектор се идентификувани од граѓаните како промотори на нови технологии. За тоа се пример еколошките граѓански организации кои им обезбедуваат на граѓаните услуги и од земјоделството, или пак здруженија на граѓани од социјални организации.
Овој начин на поврзување на организациите и локалното население е битен елемент во одржливоста на здруженијата, а со тоа се докажува дека на граѓаните им се потребни препознатливи здруженија кои се вклопуваат во локалните структури на општествениот систем и едноставно се грижат за локалното население и граѓаните и пошироко од своето членство.

## 3.2. Обезбедување вработување

Граѓанските организации во текот на своето работење спроведуваат активности кои активираат човечка работна сила од различни профили. За да може една организација да работи, покрај управните органи, како што е управниот одбор и надзорниот одбор, потребни се и секретар или административно лице, менаџер и различни тимови кои извршуваат оперативни задачи.
Вработувањето во здружението може да биде:
- финансирано од проект, и тоа најчесто координатор на проектот и тим вклучен во реализација на проектот;
- финансирано од членовите на здружението, како што е секретар или административно лице.
Со обезбедување вработување во здружението се генерираат повеќе приходи, на ниво на локална општина се поттикнува интересот на граѓаните за учество во граѓанскиот сектор и се работи на професионализација на организацијата.



Земјоделските здруженија користат и други непосредни модели на вработување и вообичаено се од членовите на организацијата, пример, Здружението на градинарите Екоградинар од Добрејци. Здружението има регистрирано земјоделска аптека којашто ги снабдува членовите кои се производители на градинарски култури со репроматеријали (семе, ѓубриво, препарати) и го снабдува и другото население со потребните срдства. Приходите, односно профитот, по исполнување на финансиските обврски, остварен со оваа комерцијална дејност, го користи здружението за финансирање на активностите во здружението. На тој начин здружението станува независно од донатори и друга финансиска помош.

Друг модел на вработување може да биде кога преку здружението се поттикнуваа развој на индивидуални мали бизниси. Еден член во рамките на семен бизнис може да произведува одреден репроматеријал, со кој ќе ги снабдува пред сè членовите на здруженито, пример Здружението на пчеларите од Берово. Еден од членовите произведува сотни основи и навремено ги снабдува другите членови со овој репроматеријал, со пониски цени во споредба со продажните во трговските фирми.

Земјоделските здруженија во своите организации имаат потреба и од вработување стручен кадар. Покрај тековните активности како граѓанска организација, стручни лица, односно агрономите се двигатели на програмските активности во здружението. Така, членовите од здружението немаат расцепкан приод кон проблемите, и услугите од зружението ги бараат на едно место.

Бенефициите од овие начини на вработување се анализирани во изминатите години во текот на активностите на проектите кои беа вклучени во поддршка на здруженијата.

Последниот проект на Светска банка во 2003 г. на 50 земјоделски здруженија им обезбеди финансиски средства за две работни места за агрономи-технички советници со договор на дело за тримесечен период. Вклучените здруженија во проектот Финализација и стандардизација на производот добија кадар којшто ги водеше активностите за квалитет на производот, создавање лого, преработка и пакување на производот.

## 3.3. Спречување на миграцијата село-град

Основната причина за миграцијата село-град во нашите услови е немање доволни приходи за животот во село, потешкотии во остварување на граѓанските права, како што е образованието и здравството и неквалитетниот социјален живот.

Пред сè, граѓаните го наведуваат немањето егзистенција што споредбено со градската средина можеби нуди повеќе можност за работа, но анализирајќи

ги и другите трошоци што сами по себе ги носат градовите, разликата останува незначителна. Но, сепак, за семејство коешто живее во село, а не поседува имот, состојбата е многу лоша и младата популација се одлучува да мигрира во град.
Со зголемувањето на активностите во граѓанскиот сектор, развојот на руралната средина и активирањето на можностите за вработување и создавање приходи, младата популација има повеќе реални причини да го продолжи својот живот од средината од каде што потекнува.
Кога овластувањата на локално ниво за развој ќе преминат во одлучување на локалните структури и ќе се почитува партиципативниот модел во стратешкото планирање на селските општини, тогаш во рамките на селото се создава инфраструктура којашто би требало да ги извршува основните услуги на жителите, истите оние коишто ги добиваат жителите во град.
Здруженијата присутни во регионот, поврзувајќи се со локалните институции, можат да го мобилизираат населението и да го вклучат во активности поврзани и пошироко со регионот.
Досега покажан како успешен механизам е развојот на рурален туризам, којшто сè уште е во зародиш, но сè повеќе организации го детерминираат како цел. Здруженијата можат да се појават како организатори на руралниот туризам и да ги користат постоечките капацитети кои ги има во населеното место. Здруженијата можат да ги вклучат и директно своите членови во логистичка поддршка, активирајќи ги сопствените капацитети. Посебно овие модели се присутни во европските земји каде што производните капацитети, како што се фарми на село, се прилагодуваат во места атрактивни за туризам.
Значајна улога во подобрување на социјалниот живот е организирање различни клубови, во коишто свој интерес можат да има младата популација.
Во некои населени места ни се познати и примери на збратимување со други населени места од други држави. Овие активности и контакти се остваруваат преку здруженијата, а членовите имаат можност да разменат искуства, да престојуваат едни кај други преку организирани студиски патувања.
Сите овие модели обезбедуваат поголема отвореност на популацијата којашто живее во село, зголемување на вредностите на една индивидуа и наоѓање интерс за живот во селска средина.

# 4. Улогата на здруженијата во синџирот на снабдување со храна

Посебно значење во изминатиот период ѝ беше дадено на улогата на здружението во синџирот на храна што диреккно води кон одржливост на самата организација, анализирана како производна единица во посебни алки.
Здружението може да ја има улогата и на затворен систем на комплексот на синџирот на снабдување со храна со благо комбинирање на други индиректни учесници.
Сето ова е со цел здружението да функционира за застапување на интересите на членовите, развојот и унапредувањето на одржливо, современо и економски ефикасно земјоделство во Р. Македонија и за создавање услови за здрав живот, здрава исхрана и здрава и незагадена животна средина, како и задоволување на потребите на консуматорите и нивна заштита при користењето на земјоделските производи.
Во понатамошниот текст ќе биде објаснето што значи локална храна и кои придобивки можат да се остварат.

## 4.1. Предности на производсвото на локалната храна

### Принцип на локална храна

Тоа се принципи кои се составен дел од синџирот за снабдување со храна од еден регион што најдобро би функционирал. Во тој случај би се исполниле повеќе претпоставки и цели на производителите, претприемачите и потрошувачите.

Теоретски претпоставки
Теоретската основа на студијата лежи во теориите за додадена вредност и за управување со синџир за снабдување. На локалната храна се гледа како потенцијален извор на вредност за различните учесници во синџирот за храна. Од друга, страна локалниот систем за храна се смета за алтернативен образец за снабдување со храна за поконвенционалниот индустриски тип на снабдување со храна. Според Марсден и др. (2000), во периодот на алтернативниот синџир за храна, голем акцент треба повеќе да се стави на типот на односите помеѓу производителот и потрошувачот, отколку на самиот производ, како и на улогата на овој однос во создавањето вредност.

Последователно, се комбинираат идеите за размислување засновано на додадена вредност и управување со синџир за снабдување, со цел да се види како мал локален добавувач на храна може да заземе поволна положба на локалните пазари на храна.

Создавање вредност за потрошувачот е претходен услов за конкурентна предност. Локалната храна и локалниот систем за храна се гледаат како потенцијален извор на конкурентна предност на мала рурална фирма. Сепак, за да ги засноваат своите бизниси на локалното, на локалните добавувачи на храна им се потребни ресурси и способности, од кои една од најважните е разбирањето на вредноста за потрошувачот. Вредноста за потрошувачот во овој контекст се однесува на вредноста што сака да ја добие потрошувачот кога користи локални производи и кога купува производи од локалниот синџир за храна, наместо да користи нелокални национални увозни производи добиени преку конвенционален синџир за снабдување. Од најголема важност во денешното размислување засновано на додадена вредност е дека производителите треба да имаат длабоко разбирање за сопствените активности на потрошувачот за создавање вредност. Согласно на тоа, обидувајќи се да ја експлоатираат локалната храна како додадена вредност, руралните преработувачи на храна треба да ги разберат и научат тие користи и последици кои употребата на локалната храна ќе ги има во кетеринг-единиците. Во презентацијата на овој случај се приоѓа на создавањето вредност за потрошувачите врз база на моделот за хиерархија на вредноста за клиентот и на мешаниот модел за вредноста за клиентот на Кемперман и Ван Хален. Во хиерархискиот модел за вредноста за клиентот задоволството на клиентот се дели на задоволство базирано врз атрибути, задоволство базирано врз последици и задоволство базирано врз цел. Во мешаниот модел за вредноста за клиентот на Кемперман и Ван Енгелен, користа за клиентот, жртвата на клиентот и ризиците за клиентот се комбинирани да резултираат во посеопфатен поглед на вредноста за клиентот.

Сфаќањето на создавањето на вредноста за клиентот е поврзано со управувањето со синџир за снабдување. Управувањето со синџирот за снабдување има за цел интеграција на балансирачката понуда и побарувачка низ целиот синџир за снабдување, каде што напорите се прават да ги здружат добавувачите и клиентите во еден симултан деловен процес. Широко дефинирано, тој ги покрива сите активности на додавање вредност во целиот синџир. Целта на управувањето со синџирот за снабдување е да генерира најмногу вредност не само за една фирма, туку за целата мрежа на синџирот за снабдување, вклучувајќи ги крајните корисници.

## Главни учесници во секторот

Добавувачи на репроматерјали за производство> производители>преработувачи>претприемачи>продавачи на големо>супермаркети
Здруженијата можат да го прифатат овој модел и да преставуваат посредници помеѓу сите учесници во синџирот. Наедно, најголем успех постигнуваат кога самата организација е двигател на целиот синџир на снабдување со активно учество на тимови од своето членство. Со тоа предностите со практицирање на локална храна добиваат во значење на организацијата и пошироко на регионот.

Кои се предностите во практикување на принципот на локална храна може да се види од следните претпоставки и цели коишто ги исполнува локалната храна.

Димензии на локалната храна
Последици и вредности од употреба на локална храна
Квалитет на Производ>>>>>>Висококвалитетни производи
Карактеристики на производот
(боја, вкус, свежина)
Рационални испораки>>>>>> Економски предности
Кратки транспортни
Ниски трошоци на испорака на дистанци
Директни испораки
Заштеди во работно време
Мало производсво>>>>>>Еколошка одржливост
Производсво и преработка на фарма
Пријателски за околината
Заштеди во енергија
Неиндустриско производсво>>>>>>Следење во синџирот за храна
Познавање на потеклото на производот
Производите се препознатливи
Диференцирани производи
Социјален и регионален развој>>>>>>Блиски врски
Локално производсво и преработка
Отворена комуникација
Локален регионален развој од локални учесници
Директна повратна информација
Вработување локално население
Одржување на виталноста на руралните средини



# 5. Вистински случај за одржлива граѓанска организација

Од перидот од 1996 година до денес земјоделските здруженијата се стремеа кон одржлив развој на своите организации, користејќи ги претходно наведените механизми. Некои од нив успешно го изминаа патот на организација и одржливост, а некои од нив притиснати од недоволната логистичка поддршка, недоволното познавање на раководењето и други надворешни и внатрешни причини, го минуваат побавно својот развој.

Како пример за одржлива организација во овој текст ќе биде наведена организацијата на пчеларите, односно Регионалниот сојуз на пчеларите Матица. Во Регионалниот сојуз членуваат четири локални здруженија од Свети Николе, од Штип, од Пробиштип и од Велес. Седиштето на здружението е во Штип, а канцеларијата има задача да ги координира активностите во Сојузот .

Секое здружение има свои програмски активности кои се во склоп со стратегијата на Регионалниот сојуз. На ниво на Сојузот, има организација од четири производни единици коишто ги снабдуваат членовите со репроматеријали, и тоа: здружението во Пробиштип произведува биопогачи, здружението во Велес произведува медоносни растенија и сандаци за одгледување пчели, здружението во Свети Николе го откупува медот од членовите и го обезбедува пласманот. Здружението во Штип е центар за едукација на млади пчелари и континуирана едукација на членовите кои веќе се занимаваат со дејноста.

Во рамките на Регионалниот сојуз, членовите работат и преку комерцијалната фирма „Медко" којашто може легално да се грижи за пласманот и маркетингот на медот.

Здружението во Свети Николе во сопственост има преработувачки капацитет којшто од суров и неспакуван производ го пласира медот во различни пакувања од 20 грама до 900 грама со заштитна марка на здружението и на Регионалниот сојуз Матица.

Со овој начин на организација Регионалниот сојуз Матица обезбеди препознатливост на својата организација во регионот, но исто така и кај другите учесници во секторот, како што се постоечките развојни проекти и институциите на регионално и на национално ниво.

Промоцијата на организацијата е заедничка на ниво на сите здруженија, преку настапи на саеми и изложби, семинари и обуки. Сите здруженија учествуваат рамноправно во процесот на одлучување и реализација на програмските активности. Преку овој начин на организација и распределба на активностите се вработени неколку лица и постои можност за понатамошно вработување.

# Заклучок

Значење на граѓанскиот сектор

Граѓанскиот сектор во Р. Македонија има трендовски пораст.

Одржливоста на земјоделските здруженија е спој на активности и планирања водени на тренспарентен начин. Придобивките од спроведените активности и реализирани проекти треба да ги имаат сите членови на здружението последователно во тимови или на ниво на организација.

Изборот на менаџерскиот тим во здружението треба да биде на демократски начин и да подлежи на мониторинг и менување во согласност со условите во кои се работи и во согласност со постигнатите резултати.

Здружението треба да има јасни цели и да се стреми да ги оствари истите.

Ако членовите јасно не ја идентификуваат целта на нивното здружување има голема веројатност здружението да нема одржлив развој.

Здружението и неговите членови поминуваат низ фаза на учење и ако членовите очекуваат брзо или пак нетранспарентно решавање на проблемите, здружението нема да може да одговори на тие барања.

Во здружението сите членови имаат исти права и обврски и сите треба да работат за иста цел.

Земјоделските здруженија станаа прифатени како од граѓанските организаци, така и од владините институции, односно од МЗШВ.

Здруженијата учествуваат во подготовки на развојни програми, тркалезни маси при разработка на стратегии за секторот и предлози на законски решенија и легислативи.

Во Програмата за поддршка на секторот за 2004 година здруженијата можат да бидат поддржани и со одредени финансиски средства ако нивните програми се во согласност со развојната програма на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство (МЗШВ).

Граѓанскиот сектор (развојни проекти, фондации) ги поддржуваат здруженијата во различни форми (логистички, финансиски за одредени активности, учествуваат во едукација, обезбедуваат експерти од различни области и др.).

Улогата на граѓанските организации зазема сè посериозен третман во Р. Македонија.

Земјоделските здруженија стануваат и реално решение за намалување на руралната сиромаштија и одржливиот развој.



Дарко Шеќеринов

# Концептот „тотално управување со квалитетот" во функција на развој и одржливост на граѓанските здруженија



## Вовед

Граѓанските организации постојат за да ги задоволат интересите на одредена група граѓани, односно тие се формираат со цел да прикажат некои свои ставови, сугестии или несогласувања со јавните институции. Со самиот термин ,,организација'' се неметнува потребата од воспоставување некои начини на управување со таква организација. Тоа што гарѓанските организации се непрофитни организации ја наметнува потребата од воспоставување некоја форма на економска соработка помеѓу профитните организации и граѓанскиот сектор.

Примарната цел на овој труд е да биде прикажан моделот на **,,Тотално управување со квалитетот''** како модел кој би придонел за континуиран развој на една граѓанска организација. Наедно во трудот се презентирани и резултатите од спроведената анкета на претставници од профитните и непрофитните организации, по случаен избор. Целта на спроведената анкета е да се оцени моменталната доверба којашто ја уживаат граѓанските организации кај фирмите и да се откријат можностите за подобрување на нивната соработка. Притоа е презентирана студија на случај за ефектите што би ги имало здружението коешто го применува овој концепт на управување.

На крајот е изведен заклучок од презентираниот модел на тотално управување со квалитетот и анкетата и дадени се препораки за понатамошни активности за развој на граѓанскиот сектор.

# 1. Развој на граѓанскиот сектор

Граѓанските здруженија се јавуваат уште во периодот пред Втората светска војна, како резултат од граѓанската иницијатива за задоволување на одредени потреби. Нивниот развој продолжува и во периодот на социјализмот, познати како граѓански содружни организации. За време на овој период најголем број од овие организации беа под контрола на комунистичката партија со што им беше ограничена можноста да го искажат своето мислење[1].

По 1990 година започнува периодот на транзиција кој има влијание и на граѓанските организации. Во овој период се соочуваме со вклучување во меѓународниот систем, а со цел да се достигне компатибилноста со западниот модел на граѓански здруженија, македонската јавност го воведе терминот невладини организации (НВО).

Граѓанските здруженија се базираат на волонтеризам. Мотивите на членовите на здружението кои работат на волонтерска основа се различни, како: професионален развој, интегрирање во нова средина, стекнување одредено искуство за некоја идна позиција. Често пати граѓанските здруженија имаат тешкотија со обезбедување неплатена асистенција од стручно лице и начин на негово задржување во здружението.

За да може да работи, едно здружение треба да располага со финансиски средства. Финансиските средства се обезбедуваат од членарина и донации од правни и физички лица. Добивањето финансиски средства е возможно преку изработка на проекти кои треба да бидат презентирани пред потенцијалните донатори. Изработката и апликацијата на проекти не се предмет на дискусија при ова истражување.

Од досегашното искуство, во граѓанските организации кои се присутни на територијата на РМ ретко се сретнува координирано и организирано работење на нивните членови. Оние здруженија кои функционираат „ефикасно" се составени од членови со повисок степен на образование и со желба за континуирана надградба.

Функционирањето на граѓанските здруженија е возможно доколку се спојат донаторите кои би обезбедувале финансиски средства за здруженијата кои, пак, располагаат со иницијатива и капацитет за квалитетно извршување на зацртаните цели на своето здружение. За мобилизација на финансиски средства секое граѓанско здружение поминува низ следниве чекори:

[1] Национален извештај за човековиот развој: Граѓанското содружништво и транзицијата во Република Македонија, УНДП 1999, стр. 2

1) Презентација на здружението;
2) Формирање извршни тела;
3) Посета на определени институции;
4) Планирање на проектот; и
5) Изработка и апликација на проектот.

Примената на концептот ТКМ (TQM) во едно здружение значи континуирано извршување на активности за приближување кон целите на здружението што, пак, придонесува за континуиран развој во самата организација.

## 2. Дефинирање на суштината на квалитетот

Со проблематиката за управувањето со квалитетот во една организација се занимавале голем број автори. Како резултат на долгогодишнта работа, изработен е концепт кој е познат уште како Тотално управување со квалитет (TQM)[2] . Обезбедувањето на квалитетот со тотална контрола првпат се јавува во 1961 година во САД. Пораката на овој пристап кон квалитетот гласи: **„Не контролирај го квалитетот за да ја откриеш грешката, туку да ја отстраниш причината да не се повтори грешката“.**



За приближување на суштината на овој концепт најнапред треба да го објасниме поимот квалитет. Поимот квлитет е мултидисциплинарна категорија која не може да се изрази со една дефиниција[3]. Сепак, во последно време најприфатена е дефиницијата која е дадена во стандардот ИСО (ISO) 8402, при што квалитетот се дефинира како „збир на сите својства и карактеристики на производот или услугата кои се однесуваат на нивната можност да ги задоволат утврдените или индиректно изразените потреби на корисниците“.

Според тоа, една квалитетно извршена работа значи целокупно извршување на дадени активности, кои се искажани преку одредена спецификација или некој друг документ. За да може да се дефинира квалитетот во едно граѓанско здружение треба најпрво да се објасни поимот корисник. Тоа е секој граѓанин кој има директно или индиректно бенефиции од работата на едно граѓанско здружение. Најчесто здруженијата се фокусирани кон одредена целна група која би имала бенефиции од постоењето на здружението.

Со цел да се постигне квалитет во работата треба да се исполни функција

[2] Total Quality Management

[3] М. Пешевски: Управување со квалитетот во агрокомплексот, ЗАЕМ, Скопје, 2003, стр. 44

од повеќе активности. За да може да биде застапен квалитетот во сите делови, потребно е да се изведуваат одредени активности кои треба да се одвиваат по одреден редослед на случувања. Во едно граѓанско здружение функцијата на квалитетот би се состоела од следниве фази:

1. Истражување на проблемите со кој се соочува целната група;
2. Развој на програма за решение на селектираните проблеми;
3. Спецификација на проблемите;
4. Создавање тимови;
5. Планирање на активностите на секој тим (развој на проекти);
6. Контрола на активностите; и
7. Истражување и коригирање на резултатите од преземените активности.

Квалитетното извршување на активностите во едно здружение е клучен фактор за успехот или неуспехот на едно здружение, а наедно и за одржливоста на едно здружение во текот на еден подолг временски период. Тоталното управување со квалитетот бара целосна одговорност на сите членови во граѓанското здружение и не треба да биде спроведувано само од едно лице, туку бара заедничка работа на сите членови од едно здружение. Тоталното управување со квалитетот е нова филозофија на работењето на една организација. Според оваа филозофија, квалитетот означува одговор на барањата на клиентот (корисникот), а тој има три основни барања, и тоа:

а) Постојано задоволување на неговите потреби;
б) Целосно задоволување на неговите потреби; и
ц) Точно разбирање на неговите потреби.



## 2.1. Функционирарање на ТКМ

Интегралното (тоталното) управување со квалитет се остварува доколку во секоја фаза од функцијата за квалитет се користи Деминговата филозофија (сл. 1) којашто вели[4]: „Квалитетот се остварува доколку се остварува кружниот тек **plan – do – check - act** (планирај - изврши – провери - коригирај)".

[4] Ѓ. Чепујноски, В. Чепујноска: Основи на управувањето со квалитетот, Економски факултет, Скопје, 1993, стр. 69




слика 1. Деминговиот круг ПДЦА (PDCA)

Во практика, тоа значи дека за извршување на една работа (задача), односно за постигнување однапред дефинирана цел, најпрво е потребно да се направи план во кој ќе биде дефиниран редоследот на активностите што треба да бидат изведени. Во овој дел треба да бидат дефинирани и методите според кои ќе бидат одредени целите. При дефинирањето на методите за постигнувањето на целите мора прецизно да се дефинира:

Што да се направи;
Кој да направи;
Каде да направи;
Како да направи;
Со што да направи.

Со дефинирањето на обврските и задачите на секој член кој е инволвиран во остварувањето одредена цел се дефинира и Стандардната оперативна постапка СОП (SOP).

**Квалитет во работата се постигнува сè додека активностите во овој круг се спроведуваат. Во случај да се прекине овој круг, доаѓа до нарушување во реализацијата на квалитетното работење.**

Сетирањето на концептот ТКМ наметнува воспоставување прецизни оперативни постапки за сите активности кои се изведуваат во здружението. Мониторингот исто така води кон корективни акции, доколку е потребно.

Едно здружение коешто има јасна цел да опстојува во еден подолг временски период мора постојано да го надоградува своето знање. Знаењето доаѓа од направените грешки или успеси. Ова значи изградба на капацитетот на организацијата. ТКМ е идеја на континуирано подобрување на капацитетот на едно граѓанско здружение.

## 2.2. Документација во системот за обезбедување квалитет

Во системот за управување со квалитет мора да се апострофира значењето на евидентирањето и документирањето извршено од секое тело во граѓанското здружение. Документите се многу значајни во остварувањето на работните циклуси во организацијата.

За добро документиран систем за квалитет треба да постои соодветна методологија за изработка на документи, односно тие треба да бидат изработени според одредени правила. При изработка на документацијата, треба да се почитуваат следниве основни правила[5]:

- Документите треба да бидат инкорпорирани во целината на функциите на организацијата и да обезбедуваат најсоодветни информации за квалитетот;
- Документите треба да бидат едноставни, лесно разбирливи, логични и да даваат јасни, прегледни и неопходни упатства за работата;
- Треба да бидат така составени за да претставуваат основа за компјутерска обработка на информациите;
- Да бидат прифатливи за архивирање, умножување и доставување до сите работни места.

Системот за тотално управување со квалитет според стандардот ИСО (ISO) 9000 претпоставува постоење четири основни видови документи, и тоа:

1. Деловник за квалитет и планови за квалитет;
2. Постапки на ниво на работна група;
3. Упатства за работа (начин на дејствување); и
4. Формулари, извештаи и слично.

Изработката на соодветна документација ја олеснува употребата на функцијата на квалитетот, односно кога ќе се направи анализа на постојната документација при работењето на граѓанското здружение ќе може да се увиди каде има прекини на „кругот на квалитет", односно Деминговиот круг.

Со усогласувањето на ставовите за нивото на квалитетот, обврските и одговорностите, **особено кога е тоа документирано**, се смалуваат можностите за недоразбирања кои се чест проблем при функционирањето на граѓанските здруженија, што води кон одржливост на здружението во еден подолг временски период.

[5] Ѓ. Чепујноски, В. Чепујноска: Управувањето со квалитетот во практиката, Економски факултет, Скопје, 1993, стр. 155

## 2.3. Образованието и системот за управување со квалитетот

Првиот и најзначајниот чекор при воведувањето на системот за тотално управување со квалитетот е образованието и обуката. Велиме првиот, затоа што прво мора да се стекнат потребните знаења за квалитетот со цел да се постигне целокупна претстава за системот за квалитет. За да може успешно да се креира квалитетна организација на здружението, потребен е квалитетен образовен процес. Целта на образованието е да се изгради знаењето и свеста кај членовите за подобри и поефикасни остварувања на целите и задачите на здружението. Наставата и обуката треба да бидат спроведувани од експерти за тотално управување со квалитетот од стручни институции.

Образованието и обуката на кадарот можат да се изведат во најразлични форми, и тоа:

- Учество на поединци на семинари, советувања, симпозиуми и конференции;
- Семинари во здружението за различни проблеми поврзани со квалитетот;
- Обука на одделни членови за извршување на работните задачи со цел да се унапреди работата.



Многу погодна форма за тимско образование е кружокот за квалитет. Кружокот за квалитет е специфичен облик на изградувањето на системот и кадарот за обезбедување квалитет. Тој се смета за еден од многу успешните форми за вклучување на сите членови во унапредувањето на квалитетот и претставува група од 5 до 12 членови, кои под раководство на добар познавач на проблемот редовно се состануваат со цел[6]:

- Да ги утврдат проблемите и недостатоците при функционирањето на организацијата;
- Да ги откријат причините;
- Да се предложат мерки за подобрување; и
- Иститe да се остварат, а недостатоците да се отстранат.

Кружоците се отворени - достапни за сите, а се одржуваат според потреба. Членовите на кружокот сами одлучуваат за што ќе расправаат, во зависност од проблемите со кои се соочува организацијата. На тој начин се создаваат погодни психилошки услови и се развиваат добри односи помеѓу членовите што придонесува за изградување успешно здружение.

[6] В. Чепујноска, Ѓ.Чепујноски: Основи на управувањето со квалтетот, Економски факултет, Скопје, 1993, стр. 38

# 3. Поим за стандарди и стандардизација

По воведувањето на системот на квалитет во работењето на една организација, може да се пристапи кон негова стандардизација.

Според дефиницијата усвоена со резолуцијата на Советот на Меѓународната организација за стандардизација под поимот стандардизација подразбираме:

„дејност за создавање и примена на стандардите со цел да се постигне ред и успех во одредена дејност, со оптимална заштеда, притоа водејќи сметка за функционалноста и безбедноста".

Стандардите се изработуваат за да спречат одредени недоразбирања и поради тоа треба да бидат изработени така што ќе ги задоволуваат потребите заради кои постојат. Стандардот треба да даде одговор на следниве прашања: кој, што, зошто, како, каде, кога. На тој начин се добова стандардна оперативна постапка СОП (SOP). Стандардните оперативни постапки се подложни на проверка. Ако се добие нова идеја, се воведува нова оперативна постапка. При воведувањето на новата СОП, се спроведува обука на членовите инволвирани во таа постапка.

Во едно граѓанско здружение треба да бидат дефинирани стандардни оперативни постапки за секоја активност која се презема за остварување на целите на здружението. Така, на пример, би требало да постојат:

- СОП за регрутација на нов член;
- СОП за оценување на јавното мислење;
- СОП за прибирање информации и слично.

стандардите ИСО (ISO) ја претставуваат оската на меѓународната стандардизација на квалитетот, како и на управувањето и обезбедувањето на квалитетот. Овие стандарди се дефинирани за да можат да ги задоволат проблемите во сите организации.

Стандардот ИСО (ISO) 8402 ги содржи сите дефиниции за категориите на системот за квалитет. Тој е неопходен за да се знае поопределено за што станува збор и што сака да се постигне. ИСО (ISO) 9000 е издаден во 1987 година како европски стандард ЕН (EN) 29 000. Тој ги содржи сите значајни елементи за покренување ниво на управување на квалитетот. Концептот на системот за тотално управување со квалитет е содржан во стандардот ИСО (ISO) 9000.

Откако ќе биде воведена стандардизацијата, потребно е да се изврши нејзина сертификација. Сертификацијата на системот за квалитет ја врши надлежна институција која е овластена да издава сертификати за примената на системот за квалитет. Со овој документ се стекнува доказ дека организацијата има вградено систем за управување со квалитет со што се обврзува дека ќе ги почитува барањата на нејзините клиенти. Сертификатот вообичаено се издава за период од три години, но во овој период се прават

прегледи еднаш годишно за да се провери дали фирмата го одржува воспоставениот систем за квалитет.

## 3.1. Сертификација на системот за квалитет

Системот за обезбедување квалитет дефиниран со стандардите ИСО (ISO) 9000 предвидува и негово потврдување, односно сертифицирање, со пооделни документи, односно сертификати, со што се стекнува доказ од овластена институција дека организацијата има адекватен систем за управување со квалитет, со што се обврзува да ги почитува потребите и барањата на купувачите.

Потврдувањето може да се направи:

- интерно; и
- екстерно.

Интерното потврдување го прават стручни лица од организацијата кои се задолжени за квалитетот.

Екстерната сертификација во граѓанското здружение ја прават потенцијалните донатори на финансиски средства, или пак регистрирани институции за издавање потврди, односно сертификати за системот за квалитет.



# 4. Евалуација на кооперативноста помеѓу профит-ниот и граѓанскиот сектор

За оценување на состојбата во која се наоѓа граѓанскиот сектор и изведување заклучок и препораки од презентираниот труд, спроведена е минианкета на примерок од профитниот и непрофитниот сектор. Анкетата е спроведена на 07 и 08 октомври 2004 г. од фирми по случаен избор. Во пополнувањето на анкетниот прашалник беа вклучени 15 фирми, од кои на прашањето **„Колку сте задоволни од работењето на граѓанскиот сектор"**, 10 фирми или приближно 67% одговориле дека не се задоволни од нивното работење, 3 од нив или 20% дека се задоволни, а 2 од фирмите или приближно 13% дека не се запознаени со работењето на граѓанскиот сектор. Од испитаниците кои не се задоволни со работата на граѓанскиот сецтор, на прашањето **"Дали би ја зголемиле довербата доколку граѓанското здружение поседува потврда за своето работење од друга релевантна иституција"**, потврдно одговориле 7 фирми или 70%, додека останатите сметаат дека е потребно граѓанските организации повеќе да ги застапуваат интересите на граѓаните. Резултатите исто така укажуваат на фактот дека средните фирми се повеќе запознаени за работата на граѓанскиот сектор отколку малите фирми. Притоа, авторот смета дека е важно да се нагласи дека ниедна од анкетираните фирми ја нема поддржано работата на некое граѓанско здружение. Тоа води кон

фактот дека во Р. Македонија сѐ уште нема воспоставено некаков вид заемни односи помеѓу приватните фирми и граѓанските здруженија.

Граѓанските здруженија, пак, се соочуваат со проблемот од недостаток на финансиски средства за остварување на своите активности. Причините за тоа најчесто се интерни - непостоење соодветен менаџмент, односно несоодветен распоред на членовите во извршниот одбор. Друг проблем од иста важност е приемот на нов член во здружението. Најчесто појавата на нов член во едно граѓанско здружение се сведува само на пополнување пристапница и плаќање членарина, без притоа да бидат разгледани мотивите на тој член и можностите да биде искористен потенцијалот којшто тој член го има во себе. Симптоматична во граѓанските здруженија е и појавата на неправилно распоредување на работните обврски, при што само дел од членовите се вистински активни, а другиот дел се само на хартија. Како резултат на ваквата дисхармонична поставеност на членството во едно здружение, се јавуваат внатрешни конфликти, кои, пак, се рефлектираат на активноста на здружението во околината во која дејствува.

Ваквата поставеност на граѓанските организации во однос на потенцијалните донатори ја намалува можноста за развој на овој сектор. Спроведената анкета дава јасна слика за активноста и довербата којашто ја ужива граѓанскиот сектор кај потенцијалните донатори.

## 1. Студија на случај за хипотетичко граѓанско здружение

По презентираниот труд, сметам дека е во корист да биде претставено едно граѓанско здружение кое функционира по системот ТКМ (TQM). Да претпоставиме дека Управниот одбор на здружението донел одлука да функционира по споменатиот систем. За таа цел, поднесува барање до соодветна институција којашто се занимава со оваа област и по исполнување на зададените обврски се стекнува со потврда (сертификат) за своето работење. Со добивањето сертификат, здружението се стекнува со компаративна предност во однос на другите здруженија.

Резултатите од примената на ТКМ, покрај тоа што ќе бидат забележливи во функционирањето на здружението, видливи ќе бидат и во процесот на добивање финансиски средства од потенцијалните донатори.

Да претпоставиме дека по определено време некоја фондација одобрува грант, кој е од областа на дејствувањето на граѓанското здружение. За таа цел, фондацијата распишува конкурс на кој треба да се пријават здруженија на граѓани коишто ќе треба рационално да ги искористат добиените финансии. Уште на самиот почеток ќе се забележи дека здружението коешто има сертификат за употреба на системот ТКМ има предност во доделувањето на тој грант, не само поради сопственоста на сертификатот,

туку и поради постигнатите резултати коишто неминовно ги наметнува работењето по овој систем.

## Заклучок и препораки

Презентирањето и имплементирањето на концептот ТКМ при дејствувањето на граѓанските организации опфаќа цела низа активности коишто ги анулираат моменталните и потенцијалните проблеми во здружението, а наедно и ја прошируваат можноста за соработка со потенцијалните донатори. Конечно, појавата на институција која би го потврдувала концептот ТКМ во граѓанскиот сектор, би придонела за постојан развој на граѓанските здруженија.

За примена на концептот ТКМ во граѓанскиот сектор треба да бидат преземени следните чекори:

- Создавање институција за издавање потврда (сертификат) за примена на ТКМ во работењето на здруженијата;
- Избор на граѓански здруженија кои имаат капацитет за примена на овој цонцепт;
- Спроведување обука за суштината на концептот ТКМ;
- Примена на здобиените сознанија во практика;
- Евалуација на резултатите од примената на концептот ТКМ во граѓанскиот сектор.



Во блиска иднина МЦМС, како институција со соодветна тежина, може да креира стандард којшто ќе го верифицира постоењето на една граѓанска организација, што, пак, ќе има позитивно влијание врз зголемувањето на довербата кај потенцијалните донатори.

# Белешки за авторите

**Проф. д-р Живко Андревски** е роден на 13.12.1955 година. Тој е доктор на политички науки и професор на пстдипломските студии по Комуникологија на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Живко Андревски исто така е соработник на Институтот Медијаплан од Сараево, Центарот за комуникации во Бар, Институтот „Линк" од Нови Сад и фондацијата Вилтон парк-Лондон. Објавил десетина книги и брошури од областа на новинарството и медиумскиот систем, политичките науки и општественото уредување како и од сферата на методологијата на општествените науки. Раководел и учествувал во спроведувањето на дваесетина истражувачки проекти, а одржал и повеќе предавања за односите со јавноста.

**Маја Митрова** е родена на 24.11.1979 година во Кавадарци. Дипломирала на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и се стекнала со звањето филолог по општа и компаративна книжевност. Нејзиното хоби е пишување поезија, приказни со илустрации, раскази, текстови и сл.
Досега има објавено песни во списанието СТОЖЕР, ревија за литература, култура и уметност.

**Марија Рајковчевска** е родена на 17.06.1972 година во Скопје. Дипломирала на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во моментов е на постдипломските студии, во групата „генетика и селекција на житни култури. Од 1996 година до денес работи на спроведувањето на повеќе проекти. Марија Рајковчевска е претседател на здружението на приватни советници „Агроменаџер" и член на собранието на Федерацијата на македонските фармери. Во моментов работи како советник за маркетинг, менаџмент и финансиски услуги.

**Дарко Шеќеринов** е родена на 26.09.1976 година во Скопје. Дипломирал на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на отсекот „градинарство". Активист на граѓанската организација „Паун" е од 2003 година. Во моментов тој е постдипломец на Агробизнис.



